Арх. Бр./Nr.Arh. УП1-11/4-765/2022
Дата/Data: 07 -10- 2022 год./viti

Арх. знак ____
Рок на чување ____
____ 20 ___ год.
Потпис,

10 -10- 2022

**ДО/DERI TE:** ДПТУ "ПЕ - ПУЛС" ДООЕЛ
бул. "Македонски Просветители" бр. 13 А
Охрид

**ПРЕДМЕТ/LËNDA:** Доставување на Решение

Почитувани,
Të nderuar,

Во прилог на овој допис Ви доставуваме Решение со број УП1-11/4-765/2022, по барање за одобрување на Елаборат за заштита на животната средина за проект – Изградба и работа на хотел во општина Охрид, за потребите на инвеститорот ДПТУ "ПЕ - ПУЛС" ДООЕЛ од Охрид.

Со почит,
Me respekt,

Управа за животна средина / Drejtoria për mjedis jetësor
Директор / Drejtor
**Hisen Xhemaili**

Изработил/Përpiloi: Влатко Цветаноски
Контролирал/Kontrolloi: Александар Петковски
Согласен/Miratoi: Билјана Петкоска


Министерство за животна средина и просторно планирање на Република Северна Македонија
Плоштад „Пресвета Богородица" бр. 3, Скопје
Република Северна Македонија

Ministria e Mjedisit Jetësor dhe Planifikimit hapësinor e Republikës së Maqedonisë së Veriut
Bul. "Presveta Bogorodica" nr. 3, Shkup
Republika e Maqedonisë së Veriut

+389 2 3251 403
www.moepp.gov.mk

УПРАВА ЗА ЖИВОТНА СРЕДИНА - DREJTORIA PËR MJEDIS JETËSOR
СЕКТОР ЗА ЖИВОТНА СРЕДИНА - SEKTORI PËR MJEDIS JETËSOR

07 -10- 2022

Врз основа на член 24 став 7 од Законот за животна средина (Службен весник на Република Македонија бр. 53/2005, 81/2005, 24/2007, 159/2008, 83/2009, 48/2010, 124/2010, 51/2011, 123/2012, 93/2013, 187/2013, 42/2014, 44/2015, 129/2015, 192/2015, 39/2016, 99/2018 и Службен весник на Република Северна Македонија бр. 89/2022), постапувајки по барањето на инвеститорот ДПТУ "ПЕ - ПУЛС" ДООЕЛ од Охрид, за одобрување на Елаборат за заштита на животната средина број УП1-11/4-765/2022 од 21.04.2022 година, Директорот на Управата за животна средина при Министерството за животна средина и просторно планирање го издава следното

**Р Е Ш Е Н И Е**
**За одобрување на Елаборат за заштита на животната средина**

1. Со ова Решение се одобрува Елаборат за заштита на животната средина со технички број 51/20 од април 2022 година, изготвен од страна на ДПТ "ВИНО ВЕРИТАС" ДООЕЛ од Скопје, за проект – Изградба и работа на хотел во општина Охрид, за потребите на инвеститорот ДПТУ "ПЕ - ПУЛС" ДООЕЛ од Охрид.

2. Од доставената документација констатирано е дека со изведбата и работа на проектот – Изградба и работа на хотел во општина Охрид, нема да има значителни влијанија врз животната средина.

3. Инвеститорот се задолжува целосно и без исклучоци да се придржува кон пропишаниот режим и мерки за заштита предвидени во Елаборатот за заштита на животна средина, како и кон дополнителни решенија до колку низ изведбата и функционирањето на проектот се покаже потреба од зголемен обем и вид на превенција.

4. Ова Решение влегува во сила со денот на донесувањето.


Министерство за животна средина и просторно планирање
на Република Северна Македонија
Плоштад „Пресвета Богородица" бр. 3, Скопје
Република Северна Македонија

Ministria e Mjedisit Jetësor dhe Planifikimit
hapësinor e Republikës së Maqedonisë së Veriut
Bul. "Presveta Bogorodica" nr. 3, Shkup
Republika e Maqedonisë së Veriut

+389 2 3251 403
www.moepp.gov.mk

## Образложение

Од Ваша страна беше доставен Елаборат за заштита на животната средина за проект – Изградба и работа на хотел во општина Охрид, за потребите на инвеститорот ДПТУ "ПЕ - ПУЛС" ДООЕЛ од Охрид.

Локацијата на која е предвидена изведбата на проектот – Изградба и работа на хотел е на ГП 1.1, на КП број 5614/1, КП број 6471/4, КП број 5614/10, КП број 6471/8, КО Охрид 4 во општина Охрид.

Проектираниот капацитет на хотелот изнесува 815 легла.

При утврдување на потребата од оцена на влијание врз животната средина се прибавени мислења од Сектор за просторно информативен систем со број 16-3241/10 од 29.07.2022 година и Сектор за природа со број 11-3241/12 од 04.08.2022 година со што се утврдува дека предметниот плански опфат е на околу 83 m до КП Охридско езеро.

Во постапката за одобрување на Елаборатот за заштита на животната средина е добиено позитивно мислење од Комисија за управување со светското природно и културно наследство во Охридскиот регион при Министерство за култура со број 11-3241/14 од 20.09.2022 година.

Предметниот Елаборат за заштита на животната средина е изготвен согласно Правилникот за формата и содржината на Елаборатот за заштита на животната средина согласно со видовите на дејностите или активностите за кои се изработува елаборат, како и согласно со вршителите на дејноста и обемот на дејностите и активностите кои ги вршат правните и физичките лица, постапката за нивно одобрување како и начинот на водење на регистарот за одобрени Елаборати (Службен весник на Република Македонија бр. 44/2013 и 111/2014), од страна на ДПТ "ВИНО ВЕРИТАС" ДООЕЛ од Скопје.

**Правна поука**: против ова Решение може да се поднесе жалба во рок од 15 дена од денот на приемот на решението до Државната комисија за одлучување во управна постапка и постапка од работен однос во втор степен.

Управа за животна средина / Drejtoria për mjedis jetësor
Директор / Drejtor
**Hisen Xhemaili**

Изработил/Përpiloi: Влатко Цветаноски
Контролирал/Kontrolloi: Александар Петковски
Согласен/Miratoi: Билјана Петкоска



Министерство за животна средина и просторно планирање на Република Северна Македонија
Плоштад „Пресвета Богородица" бр. 3, Скопје
Република Северна Македонија

Ministria e Mjedisit Jetësor dhe Planifikimit hapësinor e Republikës së Maqedonisë së Veriut
Bul. "Presveta Bogorodica" nr. 3, Shkup
Republika e Maqedonisë së Veriut

+389 2 3251 403
www.moepp.gov.mk